Врз основа на член 51, став 10 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) и член 39 од Статутот на општина Струмица ("Службен гласник на општина Струмица" број број 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10,1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**Р е ш е н и е**
**за формирање на Комисија за спроведување на втора јавна анкета и јавна презентација на ДУП за дел од блок 20 (блок 1, Урбана единица 1 согласно ГУП на град Струмица) во Струмица**

1. Се формира Комисија за спроведување на втора јавна анкета и јавна презентација на ДУП за дел од блок 20 (блок 1, Урбана единица 1 согласно ГУП на град Струмица) во Струмица**,** со површина од 0,69ха во состав:

- Софија Ристова - Раководител на Одделението за урбанизам,
- Андреј Манев - претставник на изготвувачот на планот,
- Лилјана Ивановска - дипломиран архитект, надворешен член.

2. Се задолжува Комисијата да ја спроведе втората јавната анкета од 25.06.2020 година до 01.07.2020 година, а јавната презентација на ден 29.06.2020 година во 11:00 часот во просториите на Секторот за урбанизам и комунални работи ул."Ленинова" бр.34.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во "Службен гласник на општина Струмица".

Бр.09-3657/3
19.06.2020 год.
С т р у м и ц а

Општина Струмица
Градоначалник
Коста Јаневски